| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Црвени плодови |
| **Содржина на денот** | Овошјето во пролет |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Валентина Драгшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Здобивање на елементарни знаења за болестите и значењето на чистиот и свежиот воздух за сопственото здравје. |
| **Активност** | Разговарајте со детето за промените што се случуваат со растенијата, со дрвјата во пролет, кои се раните овошки кои најпрво зреат во нашиот крај (слика бр.1,2,3,4).<br>Опишете ги црешите и јагодите, а потоа кажете им ја стихотворбата:<br><br>Црешите ранки ни се смеат,<br>како шербет слатки зреат.<br>Црвени се,слатки,ранки,<br>Наполнете детски дланки!<br>-Кој ќе касне-дедо реди<br>-Ќе порасне две-три педи!<br><br>Потоа на детето пуштете му ја песната „Јагоди” од детскиот фестивал „Супер ѕвезда”-2013 год.<br>https://www.youtube.com/watch?v=VA1eGn4t4L8<br>Слушајте ја заедно, а потоа обработете го текстот на песната. Обидете се да го меморирате рефренот и некој стих од песната и заедно со детето пејте ја песната.<br>Поведете кус разговор за јагодите, воочете за што се говори во текстот на песната.<br>Со детето потоа играјте ја играта „Пазар“. Наредете на масичка во различни корпи и пластични кутии, различен зеленчук и овошје (од играчките што ги имате или исечете сликички) и еден ќе продава, а другиот ќе биде оној што ќе купува (слика бр.5,6,7). |